Влада на Република Северна Македонија

З А П И С Н И К
од Триесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 30 декември 2020 година

Скопје, декември 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 декември 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 19:50 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, члeновите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, и д-р Драги Рашковски од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за давање согласност за склучување Анекс на Договорот за јавно приватно партнерство за јавна работа за изградба на две мали хидроелектрани на каналот за наводнување со кој управува Водостопанство Тиквеш бр. 05-750/52 од 6.11.2015 година и бр. 03-1 од 6.11.2015 година, склучен помеѓу АД „Водостопанство на Република Северна Македонија" – Скопје (Водостопанство Тиквеш – Кавадарци) и Монтинг енергетика Тиквеш ДОО Скопје, за продолжување на рокот за изградба на МХЦ Тиквеш 1, заклучно со 6.1.2023 година

2. Предлог - одлука за Деветнаесетта емисија на обврзници за денационализација

3. Информација за добивање на согласност за доделување на трајно користење на недвижни ствари без надоместок на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, со Предлог – одлука

4. Информација за издавање на финансиска гаранција за плаќање по склучениот Договор за преземени обврски (обврзувачки договор за набавка), помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Глобалниот сојуз за вакцини (ГАВИ) (GAVI ALLIANCE), за набавка на вакцини за COVID-19, преку COVAX механизмот за обезбедување глобален и рамномерен пристап до безбедни и ефективни вакцини за COVID-19, со предлог - текст на Гаранција и текст на Договор

5. Предлог - програма за изменување на Програмата за остварување на социјалната заштита за 2020 година

6. Предлог - програма за изменување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2020 година

7. Предлог – програма за изменување на Програмата за развој на дејноста за заштитата на децата за 2020 година

8. Предлог - програма за изменување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2020 година

9. Кадровски прашања

10. Прашања и предлози

11. Информација за склучување Анекс бр.3 за промена на динамиката на реализација и плаќање на обврските од склучениот Договор за изградба на затворен пливачки базен во Општина Охрид

*

*      *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување Анекс на Договорот за јавно приватно партнерство за јавна работа за изградба на две мали хидроелектрани на каналот за наводнување со кој управува Водостопанство Тиквеш бр. 05-750/52 од 06.11.2015 година и бр. 03-1 од 6.11.2015 година, склучен помеѓу АД „Водостопанство на Република Северна Македонија“ – Скопје („Водостопанство Тиквеш – Кавадарци“) и „Монтинг енергетика Тиквеш“ ДОО Скопје, за продолжување на рокот за изградба на МХЦ „Тиквеш 1“, заклучно со 6.1.2023 година, ја усвои Информацијата и му препорача на Акционерското друштво „Водостопанство на Република Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје да склучи Анекс на Договорот за јавно приватно партнерство за јавна работа за изградба на две мали хидроелектрани на каналот за наводнување со кој управува „Водостопанство Тиквеш“ бр. 05-750/52 од 6.11.2015 година и бр. 03-1 од 6.11.2015 година, со „Монтинг енергетика Тиквеш“ ДОО Скопје, за продолжување на рокот за изградба на МХЦ Тиквеш 1, заклучно со 6.1.2023 година.

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за Деветнаесетта емисија на обврзници за денационализација, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за доделување на трајно користење на недвижни ствари без надоместок на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на органи на државната управа, со заклучок предлагачот текстот на Одлуката да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за издавање на финансиска гаранција за плаќање по склучениот Договор за преземени обврски (обврзувачки договор за набавка), помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Глобалниот сојуз за вакцини (ГАВИ) (GAVI ALLIANCE), за набавка на вакцини за COVID-19, преку COVAX механизмот за обезбедување глобален и рамномерен пристап до безбедни и ефективни вакцини за COVID-19, со предлог - текст на Гаранција и текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Гаранцијата, усогласен помеѓу Глобалниот сојуз за вакцини (ГАВИ) (GAVI ALLIANCE) како корисник на гаранцијата и „Комерцијална банка“ АД Скопје за финансиската гаранција на износ од 7.457.140,00 американски долари и го овласти министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче од име на Владата на

Република Северна Македонија да го потпише текстот на Гаранцијата, како што беше побарано за да се потврди согласност со предлог - текстот на Гаранцијата.

2. Го прифати текстот на Договорот за издавање на девизна платива гаранција со својство на извршна исправа што треба да биде склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и „Комерцијална банка“ АД Скопје заради обезбедување на финансиската гаранција и го овласти министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче од име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише овој договор.

3. Се задолжува Министерството за здравство да побара од „Комерцијална банка“ АД Скопје, пресметката на провизијата да ја врши тромесечно, согласно доставената и прифатена понуда за пресметка на провизии, која изнесува 0,3% годишно на износот на гаранцијата, односно 0,075% тромесечно на износот на гаранцијата.

**Точка 5**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за остварување на социјалната заштита за 2020 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2020 година, во предложениот текст .

**Точка 7**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за развој на дејноста за заштитата на децата за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2020 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 9**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 10**

1. По повод информирањето на доц.д-р Венко Филипче, министер за здравство, во врска со потребата од укинување на забраната за сите летови од Обединетото

Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во Република Северна Македонија, како и мерката за задолжителна самоизолација во времетраење од 14 дена за сите патници од Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска кои влегуваат на граничните премини на територијата на Република Северна Македонија, Владата заклучи истите да престанат да важат од 1 јануари 2021 година.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

**2.** Владата заклучи Заклучокот на Владата донесен на Триесет и петтата седница, одржана на 29 декември 2020 година, Точка 75, по Информацијата за прераспределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за развој на ТИРЗ Гевгелија, со Предлог-одлука кој гласи:

„Владата ја разгледа Информацијата за прераспределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за развој на ТИРЗ Гевгелија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлука за прераспределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, за развој на ТИРЗ Гевгелија, во предложениот текст.“, да се поништи, односно Одлуката да се смета за недонесена.

## Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата за склучување Анекс бр.3 за промена на динамиката на реализација и плаќање на обврските од склучениот Договор за изградба на затворен пливачки базен во Општина Охрид, ја усвои и одобри промена на динамиката на реализација и плаќање на обврските од склучениот Договор и Анекс бр.3 на Договор за изградба на затворен пливачки базен во Општина Охрид.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 20:35 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|

Мухамед Зеќири                    Зоран Заев